PALAS
- TRAVEL AGENCY -
- EST 1994 -

**Licence – "A" category**
**Ruzveltova str. BB; 7000 Bitola – MACEDONIA**
**Tel/fax : +389 (0) 47 232 980; +389 (0) 71 222 939**
**info@palas.mk; www.palas.mk;**

# R O M A

**(АВИОНСКА ПРОГРАМА)**

**Зошто Рим е толку посебен?**
„Вечниот град" изобилува со античка историја, од Колосеумот до пристаништето Остиа Антика, до величествениот Ватикан и Сикстинската капела. Поради неговата историја, уметност, архитектура и убавина - а можеби и поради неверојатно вкусниот сладолед и неодминливата "pasta"...Рим е еден од најпопуларните градови во светот!
**Што го прави Рим прекрасен град?**
Овој град може да се пофали со античка историја долга повеќе од 2500 години, прекрасни градби од минатото, споменици на најголемите италијански уметници на сите времиња и безброј ремек-дела во смисла на уметност, архитектура и култура, како и единствена аура...
**Дали Рим е градот на љубовта?**
Рим – синоним за романса, СЕ е во името. Како што ќе Ви кажат Римјаните, кратко и јасно – ако го превртиш зборот **„ROMA"** (италијанскиот збор за Рим), ќе добиеш **„AMOR"** – што значи љубов. А љубовта е нешто што одекнува низ целиот град...затоа, **СИТЕ ПАТИШТА** водат кон т.а.ПАЛАС, која ќе Ви овозможи незаборавно доживување со овој аранжман!!!

**1.ДЕН (20.03.2026 – петок) БИТОЛА** Состанок на групата на аеродромот во Скопје во 21:00 часот. Летот за Рим е во 23:00 часот со WIZZ Air...
**2.ДЕН (21.03.2026 – сабота) РИМ** Пристигнување на аеродромот во Рим во 00:55 часот. Трансфер до хотелот во Рим, сместување. **Ноќевање.** Појадок околу 10:00 часот. По појадокот - поаѓаме на нашата прва авантура...сите патишта водат кон воодушевувачкиот, неверојатно романтичен, спектакуларен и едноставно неповторлив - град кој едноставно ќе Ве остави без здив...разглед на градот со стручен водич...црквите, базиликите и плоштадите : **San Giovanni Laterano, San Clemente (вечното престојувалиште на Св.Кирил), Piazza Venezia, Altare de la Patria - Vittorio Emanuele (олтарот на татковината), Fontana Di Trevi, Spagna (Шпанските скали)**...Античкиот Рим : **Colosseo, Campidoglio, Fioro Romani.** Слободно време за шопинг на **Via del Corso**, или индивидуален разглед на градот. Состанок на групата во касните попладневни часови. Враќање во хотел. **Ноќевање.**
**3.ДЕН (22.03.2026 – недела) РИМ - ВАТИКАН Појадок.** По појадокот – одјавување од хотелот (багажот го оставаме во посебна просторија во хотелот). Посета на Ватикан со стручен водич...запознајте ја Папската држава со целиот нејзин сјај, богатство и гламур... **Ватиканските музеи, Систинската капела** – ремек делото на Микеланџело како и базиликата **„Св.Петар"** – своевремено најголемата базилика во Католичкиот духовен свет...прошетката продолжува низ Рим...посета на **Castel Sant Angelo** (Адриановата палата), Судската палата, преминуваме преку реката Тибер на **Ponte dele Angeli** (мостот на Ангелите) и пристигнуваме на најубавиот плоштад во Рим – **Piazza Navona**...слободно време за уживање со едно Италијанско espresso во **Caffe Domiziano** или ручек во еден од многуте мали ресторани (tratoria)...прошетката продолжува до Пантеонот (Храмот на сите богови) – единствената градба во Рим, зачувана онаква како што е изградена уште во 6.век н.е. Слободно време за индивидуален разглед на градот или шопинг. Состанок на групата во претходно договореното време и место. Враќање во хотелот. Трансфер до аеродром во 19:00 часот. Летот за Скопје е во 21:30 часот. Пристигање во Скопје во 23:10. КРАЈ НА ПРОГРАМАТА.

**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ : 24.120,00 ден. (389 €)**

**ДОПЛАТА за 1/1 соба : 5.580,00 ден. (90 €)**

**УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ : Исклучиво во денарска противвредност**

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ : 50 % од сумата при резервација – готовински или со платежни картички. Останатиот износ до полната цена на аранжманот – готовински или со платежни картички, најкасно 10 дена пред**

**поаѓање или на основа на фактура која мора да биде реализирана во рок од 7 дена од датата на издавање, а најкасно 10 дена до почетокот на аранжманот.**

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ ВКЛУЧУВА :**

- Авионски билет (со рачен багаж во цената), на релација Скопје – Рим – Скопје;
- Трансфер Рим аеродром – хотел и обратно;
- 2 НП во Рим во хотел со 3* (хтл.PARIS – централно градско подрачје);
- **Разглед на РИМ (метро карти+водич+слушалки)**
- организација, придружба и реализација на аранжманот;

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ ВКЛУЧУВА :**

- влезниците при посета на културно-историските споменици (освен таму каде што е наведено);
- Разглед на ВАТИКАН (метро карти+водич+слушалки) – 50 € по лице (резервација и плаќање во агенција)
- патничкото осигурување - 300,00 ден. по лице;

**НАПОМЕНА :** За реализација на овој аранжман, потребен е **минимум од 18 патници,** во спротивно, крајниот рок за известување околу евентуален отказ на аранжманот е најкасно 5 дена пред датумот на поаѓање. Организаторот на патувањето го задржува правото за измена на редоследот на поедини содржини во програмата.

**Со оваа програма важат Општите услови на т.а. ПАЛАС и СКТМ**